# ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИОТ И РЕГУЛАТОРНИОТ ТРЕТМАН НА СРЕДСТВАТА ПРЕЗЕМЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА

Регулативата за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања ги опфаќа Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13) и Упатството за спроведување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/13).

**Прашање:**

Како треба да се евидентира имот со којшто банката се стекнува при распределба на стечајна маса?

**Одговор:**

На датумот на преземање, преземените средства (недвижен или подвижен имот) стекнати при распределба на стечајна маса треба да се евидентираат во билансот на банката по почетна сметководствена вредност, којашто е помалата вредност од проценетата пазарна вредност на имотот врз основа на процена од страна на овластен проценувач и вредноста којашто е утврдена во Решението на стечајниот судија од кое произлегува правната основа за стекнување на правото на сопственост над средството.

Побарувањата од купувачите стекнати при распределба на стечајна маса претставуваат изложеност на кредитен ризик, што значи дека при класификацијата, утврдувањето на исправката на вредноста и на посебната резерва, отписот и сл., банката треба да ги земе предвид соодветните одредби од Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13, 157/13 и 223/15).